Предлагачи:Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП – БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 20. 11. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5598/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка.

Пратеници:

Бојан Стојаноски

Дафина Стојаноска

Тони Ѓаревски

Драгана Бојковска

Ели Јанкова

Марина Петрушевиќ

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Причина за донесување на овој Предлог на законот е тоа што во текот на изградбата односно спроведувањето на Проектот се наметна потребата од уредување и на начинот на исплатата на работите поврзани со експропријацијата што претставува претходен неопходен елемент со цел непречено и забрзано спроведување на Проектот кој е од јавен интерес односно изградбата на Коридорот 8 и Коридорот 10 д.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Решенијата содржани во Предлогот на законот е уредувањето на начинот на исплатата на работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот.

Имено согласно член 2 став (1) алинеја 9 од Законот, „Патен коридор“ се однесува на првичните проценети граници за експропријација со цел Инвеститорот да започне експропријацијата и реалокацијата на комуналните услуги на автопатот, поставувањето на привремени локации за поставување, јами, наоѓалишта и отпадни области, врз основа на првичната проценка на Стратешкиот партнер и Инвеститорот за минималното потребно земјиште имајќи предвид достапните проектни, геотехнички, археолошки информации, информации за животната средина, како и социјалните, комуналните информации и стандардите за проектирање кои ги бара Инвеститорот.

Оттука како основно решение е потребата за доуредување на начинот на исплата на работите поврзани со експропријацијата неопходна со цел да се одвива непречено изградбата на Коридорите 8 и 10д, преку прецизирање на алокацијата на неопходните финансиски средства.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување дополнителни средства за неговото спроведување.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог-законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Предлогот на закон, да се разгледа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА –ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП – БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 163/21 и 111/23) во членот 5 став (1) по зборовите: „спроведување на Проектот" се додаваат зборовите: „како и работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Исплатата на финансиските ресурси наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, за спроведување на Проектот ќе се врши на Стратешкиот партнер во согласност со применливите закони, односно за работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот ќе се врши на Инвеститорот во форма на трансфер преку Министерството за транспорт.".

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП – БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Предлог на законот содржи 2 члена.

Со членот 1 се врши допрецизирање на начинот на обезбедување на финансиските ресурси и плаќањето за обезбедените услуги и работи за спроведување на проектот кои се веќе уредени во член 5 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија.

Имено со членот 1 од Предлогот на Законот се допрецизира членот 5, во смисла на прецизирање на алокацијата на средствата потребни за извршување на работите поврзани со експропријацијата неопходна за спроведување на изградбата на Коридорите 8 и 10д, односно дека исплатата ќе се врши на Инвеститорот во форма на трансфер преку Министерството за транспорт.

Со членот 2 е уредено влегувањето во сила на Предлогот на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата кои произлегуваат со изменувањето на овој закон се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Забрзана изградба на Коридорите 8 и 10д како стратешки интерес на Република Северна Македонија.

**ТЕКСТ**
**НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

Член 5

(1) Финансиските ресурси за спроведување на Проектот, заеднички или одделно, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за транспорт и врски во форма на трансфер до Инвеститорот или од кој било друг извор во согласност со важечките закони.

(2) Владата, на предлог на Јавното претпријатие за државни патишта, по прием на претходно мислење од Министерството за транспорт и врски, донесува годишна програма во врска со ресурсите наведени во ставот (1) на овој член.

(3) Исплатата на финансиските ресурси наведени во ставовите (1) и (2) на овој член ќе се врши на Стратешкиот партнер во согласност со применливите закони.

(4) Исплатите на Стратешкиот партнер за реализација на Проектот ќе бидат извршени во денари или евра или на нерезидентска сметка на Стратешкиот партнер во локална комерцијална банка во Република Северна Македонија или на сметка на Стратешкиот партнер во странска комерцијална банка или во денари на резидентска сметка на Стратешкиот партнер во локална комерцијална банка.